ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СБМ РЕСЕН
Бр. 08-3/2
16.01.1997 г.
Ресен

ДО

ОСНОВНИОТ СУД

Р Е С Е Н

Приложено Ви доставуваме СУПСИДИЈАРЕН ОБВИНИТЕЛЕН АКТ Против Тодор Симовски Ул. Руса Плавева" бр. 8 Скопје, под наш број 08-3/2 од 16.01.1997 година.

Горното Ви се доставува на Ваша надлежност.

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СБ НОАВМ РЕСЕН
Претседател,
Ѓорги Прцуловски

К.бр.2/97 год.

ОСНОВНИОТ СУД ВО РЕСЕН, како првостепен кривичен суд, составен од судијата Љубица Саламовска, како судија поединец, со записничарот Горица Илиевска, во кривичниот предмет по супцидиерниот обвинителен акт бр.08-3/2 од 16.I.1997 год., на Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОБ Ресен, против обвинетиот Тодор Симовски од Скопје, за кривично дело "измама" по чл.161 од КЗ на РМ, на ден 20.III.1998 год., го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ЗАПИРА кривичната постапка против Тодор Симовски од Скопје, за кривично дело "измама" по чл.161 од КЗ на РМ, по супсидиерниот обвинителен акт на Општинскиот одбор на Сојузот на здружението на борците од НОБ Ресен, бр.08-3/2 од 16.I.1997 год. согласно чл.135 од Законот за кривичната постапка.

Трошоците на постапката паѓаат на товар на буџетските средства на овој суд согласно чл.92 од ЗКП.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОБ Ресен до овој суд поднесе супцидијарен обвинителен акт бр.08-3/2 од 16.I.1997 год., против Тодор Симовски од Скопје за кривично дело"измама" по чл.161 од КЗ на РМ.

Од изводот од Матичната книга на умрените Општина Скопје под бр. 21827 од 20.III.1998 год., се утврди да обвинетиот Тодор Симовски од Скопје, ул."Руса Плавева"бр.8, починал на ден 4.јануари 1998 година и е заведен како таков во Матичната книга на умрените за Скопје под тековен број 148 за 1998 година.

Со оглед на погоре изнесеното а согласно чл. 135 од ЗКП, следуваше судот да донесе решение како во диспозитивот.

Трошоците на постапката паѓаат на товар на буџетските средства на овој суд согласно чл.92 од ЗКП.

Записничар, Горица Илиевска,ср.

С у д и ј а, Љубица Саламовска,ср.

ПОУКА: Дозволена е жалба во рок од 3 дена од приемот на решението преку овој суд до Апелациониот суд во Битола.

Д-НА: На супсидиерниот тужител.

ОСНОВЕН СУД РМ РЕСЕН
Верно со оригиналот потврдува
Судски службеник

Сојуз на борците од народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945
ОПШТИНСКИ ОДБОР
Бр. 08-3/3/97
25.03.1998 год.
РЕСЕН

АДВОКАТ
Стојков А. Никола
ул. Скопска бр. 6
97000 БИТОЛА

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОБ
Социјалистичка Република Македонија
ОПШТИНСКИ ОДБОР
Бр. ______
______ 196__ год.
РЕСЕН

ДО
ОПШТИНСКОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
РЕСЕН

К Р И В И Ч Н А  П Р И Ј А В А

од Општинскиот одбор на Сојузот на Борците од НОВ-Ресен

ПРОТИВ: Тодор Симовски,полнолетен,
Ул" Руса Плавева" бр.8
Скопје

за сторено кривично дело "Измамам" пои чл.161 од КЗ на РМ

Затоа што: на 17.5.90година во Ресен Склучи Договор за изра ботка на Монографија за животот и револуционерното дело на Наум Веслиевски-Овчарот,примајки за тоа партични средства во вкупен износ од 36.312,00 денари,за бтаква монографија во дадениот рок од година дена да не ја направи,На ден 23.6.1994годинса,во Ресен даде писмена изјава дека Монографијата ќе ја изготви до крајот на 1994година xxxxxx за истата во тој рок да не ја направи и крајно на ден 12.12.1995година пред Општинскиот суд Ресен склучи судско порамнување со кое се обврза момографијата да ја изготви во два дела и тоа до 31.3.96 и заклучно со 30.6.96година,за и тоа ДА НЕ ГО НАПРАВИ-НА КОЈ НАЧИН СВЕСНО на за себе да прибави имотна корист го доведе во заблуда подносителот на пријавата на штета на имотот и угледот на организацијата да пVревземе дејствија кои негативно се одразуваат како на матверијалната поло жба-имотот на подносителот,такла и на неговиот углед.со што пријавениот го сторил делото од чл.161 ст.1 од КЗ на РМ,

па се предлага против пријавениот да биде спроведена кри вична постапка пред xxxxxx Основниот суд Ресен,на чие подрачје пријавениот ги превзел дејствијата на измама,а од следниве

П р и ч и н и

Наум Веслиевски -Овчарот,роден во Залатари,беше Командант на Баталјонот "Мирче Ацев"и формиран на 18,8.1943г ,а Славеј планина како прва регуларна единица на народноослободителната војск партизанските одреди на Македонијаи тој ден е земен за празник на армијата на РМ.

Подносителотна пријавата ,со оглед да Наум Веслиевски?Овчарот е од ресенското подрачје,имаше намра по повод 50 годишнината да ја промовира книгата и преку достојно презентирање на револуционерниот лик на Командантот "Овчарот" уште еднаш на младата генерација укаже на потребата од негирање на делото и лич ностите на лицата кои ја извојуваа револуцијата.

За оваа цел подносителот на пријавата,со пријавениот како со професор по историја,на кого материјалата е блиска,стапи во преговори по кои е склучен договорот погоре наведен ,а по инсистирање на пријавенбиот да му бидат исплатени соодветни па

ричии средствапа така му беа исплатени следниве износи:
-15.312.00 ден на 10.7.90г.
--3000ден на 22.11.90г.
.3.000ден на 19.12.91г и
15.000ден на 10.2.92г.

кој износ пресмерано во ДМ изнесуваше преку 6.000.

Бидејки пријавениот во реокот не ја исполнои договопрнаст обврска пријавителот на повече наврати интервенирал па така пријавениот,очогчледно да го држи во заблуида пријавителот,поппишал во Ресен на 23.6.94г. изјава со која ветил-ИЗЛАГАЛ- дека МоОно. графијата че биде изготтвена до крајот на 1994ф.

Како тоа не е сторено во рокот пријавителот поднесе тужба по која е склучлено судско порамнување П.бр.278/95 на 12.12.95 пред Општинскиот суд Ресен со коемпак превзеде обврска во рок до 30.6.96г да ја изготви монографијата и ПАК ИЗЛАГА.....

Подносителот на пријавата не ја оствари саканата цел.

Пријавениот свесно го измами подносителот,земајки му гѓи парите,а неизготвувајки ја монографијата.

Подносителот веќе имаше афирмирано во јавноста дека во 1993година ќе ја објаи монографијата.Пријавениот го наруши авт0 ритетрот на борречката организација,а му нанесе и материјална штета.

Прилог: Договор од 17.5.90
Изјава од 23.6.94г.
Сметкоипотврди ѕа извршени исплати и
Судско порамнување П.бр.278/95 одс 12.12.95г.

Битола,20.8.96г. Подносител на пријавата ,